# ИЗВЕСТУВАЊЕ

## До имателите на обични и приоритетни акции на Стопанска банка АД - Скопје

Врз основа на член 26 од Статутот на Стопанска банка АД – Скопје (С.О. бр. 339 / 15.12.2016 година), Собранието на акционери на Стопанска банка АД – Скопје, на 43-та седница оддржана на 30.05.2018 година, а врз основа на Одлуката за усвојување на Годишната сметка и Финансиските извештаи на Стопанска банка АД – Скопје за 2017 година (С.О.бр. 360 / 30.05.2018 година) и Одлуката за распоредување на добивката на Стопанска банка АД – Скопје за 2017 година (С.О. бр. 363 / 30.05.2018 година), **донесе Одлука за утврдување на висината и начинот на исплата на дивиденда** (С.О. бр. 366 / 30.05.2018 година) и **Одлука за начинот на пресметување и исплата на дивиденда на имателите на приоритетните акции** (С.О. бр. 364 / 30.05.2018 година).

Стопанска банка АД – Скопје ќе изврши исплата на дивиденда на имателите на обични акции за 2017 година во **бруто износ од 117 денари по акција** и дивиденда на приоритетните акции во **бруто износ од 10 денари по акција**.

Се известуваат акционерите на Стопанска банка АД – Скопје дека Банката ќе врши исплата на дивиденда за обичните и приоритетните акции за 2017 година врз основа на следниот дивиденден календар:

- Датум на евиденција според кој се определува листата на акционери кои имаат право на дивиденда, односно датум на пресек на Акционерската книга, е **14.06.2018 година.**

- Последен ден на тргување со право на дивиденда е **12.06.2018 година.**

- Прв ден на тргување без право на дивиденда е **13.06.2018 година.**

- Исплатата на дивиденда ќе започне од **20.06.2018 година.**

Дивидендата ќе се исплати на имателите на обични и приоритетни акции на трансакциските сметки кои имателите ги имаат во Стопанска банка АД – Скопје.

Со цел непречена исплата на дивидендата, се повикуваат сите иматели на обични и приоритетни акции кои немаат трансакциска сметка во Стопанска банка АД – Скопје во денари, а кои имаат право на дивиденда, да се обратат во една од филијалите на Банката, со цел отворање на трансакциска сметка. На овој начин, имателите на обични и приоритетни акции кои имаат право на дивиденда ќе можат веднаш да располагаат со дивидендата по нејзината исплата.

Се замолуваат акционерите при подигање на дивидендата од шалтерите на Стопанска банка АД – Скопје со себе да носат валиден документ за идентификација.

**СТОПАНСКА БАНКА АД - СКОПЈЕ**